# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр.9/2014

## 08.07.2014 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11 и 16/12 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за утврдување на Детален урбанистички план за дел од Урбана заедница 8 дел од Урбан блок 8/2 блок 2 изменување и дополнување во Неготино**

Се објавува Одлуката за утврдување на Детален урбанистички план за дел од Урбана заедница 8 дел од Урбан блок 8/2 блок 2-изменување и дополнување во Неготино, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 04.07.2014 година.

Бр.08_238/1
08.07.2014

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 22 и 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ број 51/05, 137/07, 91/09 ,124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 54/13 и 163/13), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на 04.07. 2014 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За утврдување на Детален урбанистички план за дел од Урбана заедница 8 дел од Урбан блок 8/2 блок 2-изменување и дополнување во Неготино**

Член 1

Се донесува Одлука за утврдување на Детален урбанистички план за **дел од Урбана заедница 8 дел од Урбан блок 8/2 блок 2- изменување и дополнување** во Неготино.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е графичкиот приказ за Детален урбанистички план за **дел од Урбана заедница 8 дел од Урбан блок 8/2 блок 2- изменување и дополнување** во Неготино со тех.бр.2653 од 4.44 ха. изработен од ДООЕЛ „ДИЗАЈН ЦЕНТАР ИНЖЕНЕРИНГ„ Кавадарци кој се наоѓа во просториите на Општина Неготино.

Член 3

Ова одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Неготино“.

Бр.07_233/3
04.07.2014 година

Совет на Општина Неготино
Претседател
Јордан Паунов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11 и 16/12 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програмата за изменување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2014 година**

Се објавува Програмата за изменување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2014 година, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 04.07.2014 година.

Бр.08_238/2
08.07.2014

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 84 став 1 од Законот за градежно земјиште (Сл. Весник на РМ бр. 17/2011, 53/2011, 144/2012 и 25/2013), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 5/2002) и член 79 став 1 точка 26 од Статутот на општина Неготино (Сл. Гласник на општина Неготино бр. 3/2006, 2/2011, 9/2011 и 16/2012), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 04.07.2014 година ја донесе следната

# П Р О Г Р А М А

**За изменување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2014 година**

**Член 1**

Во Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2014 година се вршат следните измени:

Во точка 3 Начин на распоред на средства од Програмата за комунални дејности во точка 3.12 од пот програмата ЈД – Изградба и реконструкција на локални патишта се вршат следните измени:

1. Во пот програмата ЈД изградба и реконструкција на локални патишта во точка 7 Изградба, реконструкција и адаптација на локален пат Д.Дисан – Г.Дисан – Вешје износот од 1.500.000,00 денари се заменува со износ од 2.000.000,00 денари.

2. Во точка 8 од пот програмата ЈД изградба и реконструкција на локални патишта – Изградба на тротоари во градот износот од 2.500.000,00 денари се заменува со износ од 2.000.000,00 денари.

Во пот програмата ЈД СЕ ВКУПНО износот од 26.159.000,00 денари си останува непроменет.

Член 2

Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во,,Службен гласник на Општина Неготино,,.

Бр.07_233/5
04.07.2014 година

Совет на општина Неготино
Претседател
Јордан Паунов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11 и 16/12 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за реконструкција на соблекувалните во просториите на Градскиот стадион во Неготино**

Се објавува Одлуката за реконструкција на соблекувалните во просториите на Градскиот стадион во Неготино, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 04.07.2014 година.

Бр.08_238/3
08.07.2014

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 6/11 и 16/12), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 04.07.2014 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За реконструкција на соблекувалните во просториите на Градскиот стадион во Неготино**

Член 1

Со оваа одлука се одобрува да се изврши реконструкција на соблекувалните во просториите на Градскиот стадион во Неготино.

Член 2

Реконструкцијата да се спроведе во организација на општина Неготино преку контрибуции во градежни и санитарни материјали или финансиски средства од заинтересираните стопански субјекти и поединци.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „ Службен гласник на општина Неготино„.

Бр.07_233/6
04.07.2014 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11 и 16/12 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за преотстапување на противпожарна опрема на општина Валандово и општина Крушево**

Се објавува Одлуката за преотстапување на противпожарна опрема на општина Валандово и општина Крушево, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 04.07.2014 година.

Бр.08_238/4
08.07.2014

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 6/11 и 16/12), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 04.07.2014 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За преотстапување на противпожарна опрема на општина Валандово и општина Крушево**

Член 1

Со оваа одлука општина Неготино преотстапува противпожарна опрема добиена како донација од ОПЕРАЦИЈА ФЛОРИАН од Велика Британија и тоа:

- На општина Валандово-ТППЕ Валандово една тринаесет метарска скала
- На општина Крушево-ТППЕ Крушево една хидраулична моторка со ножици.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „ Службен гласник на општина Неготино„.

Бр.07_233/8
04.07.2014 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11 и 16/12 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Решението за разрешување и именување на 1 член на Управниот одбор на општинското основно музичко училиште „ Владимир Арсовски„ Неготино**

Се објавува Решението за разрешување и именување на 1 член на Управниот одбор на општинското основно музичко училиште „ Владимир Арсовски„ Неготино, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 04.07.2014 година.

Бр.08_238/5
08.07.2014

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), член 124 став 2 од Законот за основното образование („ Сл.весник на РМ„ бр.103/08....24/13) и член 79 став 1 точка 29 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11 и 16/12 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 04.07.2014 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување и именување на 1 член на Управниот одбор на општинското основно музичко училиште „ Владимир Арсовски„ Неготино**

Член 1

I. Од член на Управниот одбор на општинското основно музичко училиште „ Владимир Арсовски„ Неготино се разрешува

**_ Влатко Иванов**

II. За член на Управниот одбор на општинското основно музичко училиште „ Владимир Арсовски„ Неготино сеименува

**_ Зорица Илова**

Член 2

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на општина Неготино„.

Бр.07_233/7
04.07.2014 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Јордан Паунов**

# С О Д Р Ж И Н А

## на Службен гласник бр. 9/2014

1. Заклучок за објавување на Одлуката за утврдување на Детален урбанистички план за дел од Урбана заедница 8 дел од Урбан блок 8/2 блок 2-изменување и дополнување во Неготино Стр.1

2. Одлука за утврдување на Детален урбанистички план за дел од Урбана заедница 8 дел од Урбан блок 8/2 блок 2-изменување и дополнување во Неготино Стр.2

3. Заклучок за објавување на Програмата за изменување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2014 година Стр.3

4. Програма за изменување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2014 година Стр.4

5. Заклучок за објавување на Одлуката за реконструкција на соблекувалните во просториите на Градскиот стадион во Неготино Стр.5

6. Одлука за реконструкција на соблекувалните во просториите на Градскиот стадион во Неготино Стр.6

7. Заклучок за објавување на Одлуката за преотстапување на противпожарна опрема на општина Валандово и општина Крушево Стр.7

8. Одлука за преотстапување на противпожарна опрема на општина Валандово и општина Крушево Стр.8

9. Заклучок за објавување на Решението за разрешување и именување на 1 член на Управниот одбор на општинското основно музичко училиште ,, Владимир Арсовски,, Неготино Стр.9

10. Решение за разрешување и именување на 1 член на Управниот одбор на општинското основно музичко училиште ,, Владимир Арсовски,, Неготино Стр.10